# А Н А Л И З А

## НА НАДЗОРОТ ВРЗ ОБВРСКИТЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ДРУГИТЕ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПИРАТЕРИЈА И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ И СРОДНИТЕ ПРАВА ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2012 ГОДИНА

**1.Регистрирани програмски пакети:**

Во текот на првиот квартал (јануари, февруари и март) на 2012 година Секторот има издадено 65 (шеесет и пет) потврди за регистрирани програмски пакети, од кои:

**а)** во месец јануари 2012 година не е издадена ниедна потврда за регистрација на програмски пакети;
**б)** 65 (шеесет и пет) потврди во месец февруари 2012 година; и
**в)** во месец март 2012 година не е издадена ниедна потврда за регистрација на програмски пакети.

Издадените потврди се однесуваат на аналогни и дигитални програмски пакети на постоечки, што значи веќе нотифицирани и регистрирани оператори на јавни комуникациски мрежи.

Техничкиот проблем во откривањето на операторите на јавни комуникациски мрежи без регистрирани програмски сервиси се состои во тоа што најголем дел од нив (се мисли на кабелските оператори) реемитуваат во затворен систем (не во етерот) , поради што нивниот сигнал не можат да го детектираат трите постојни контролно – мерни центри во Република Македонија на Агенцијата за електронски комуникации, лоцирани во Скопје, Битола и Штип.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се следи континуирано појавата на оператори на јавни комуникациски мрежи без регистрирани телевизиски програмски сервиси и да се реагира на тоа со предупредување операторот да регистрира програмски сервиси во разумен рок, по што да следат мониторинзи, налози за исклучување и крајно поведување на прекршочни постапки, по претходен обид за порамнување.

**2. Извршени мониторинзи:**

Во првото тримесечие на 2012 година се извршени 3 (три) теренски мониторинзи над работата операторите на јавни комуникациски мрежи, во координација со Координативното тело за интелектуална сопственост, од кои еден мониторинг врз четири кабелски оператори во Кочани и два мониторинзи во подружниците на кабелскиот оператор „Роби“, што се лоцирани на територијата на град Скопје.

**3.Издадени налози за исклучување на нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, врз основа на резултатите од извршените мониторинзи и претставки од други оператори на јавни комуникациски мрежи:**

Советот за радиодифузија, во првото тримесечие на 2012 година, нема издадено налози за исклучување на домашни и странски телевизиски програмски сервиси, реемитувани без регулирани авторски и сродни права.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се подготват такви кога Советот ќе се изјасни по извештаите на Секторот за резулатите од извршените мониторинзи во текот на извештајниот период.

**4. Изготвени записници за констатирани прекршоци и издадени платни налози:**

**а)** Не се изготвени вакви акти.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се подготват такви кога ќе има фактички и правни услови за тоа.

**5.Издадени налози за блокирање (затемнување) на делови од реемитувани телевизиски програмски сервиси, заради заштита на ексклузивни телевизиски спортски и филмски и телевизиски права на радиодифузери од Република Македонија**

**а)** Ексклузивни спортски права на ТВ Канал 5 – Скопје на Лига Европа и Лига на шампионите во фудбал; и

***б)*** Ексклузивни телевизиски права на ТВ Сител - Скопје за реалното шоу "Survivor" („Преживеани" во превод на македонски јазик).

**7. Активности во врска со покренати постапки по кривични пријави и барања за поведување на прекршочни постапки**

Вработен во Секторот, во текот на првиот квартал на 2012 година, беше ангажиран како сведок и застапник пред Основниот суд во Куманово, во врска со истрага за кривично дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сигнал" од член 157-а став 3 и член 157-а став 5 во врска со став 3 од Кривичниот законик.

Во првиот квартал на 2012 година година не е правосилно завршена ниедна прекршочна или кривична постапка против оператор на јавна комуникациска мрежа.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:**
Да се следи судбината на сите кривични пријави и барањата за поведување на прекршочни постапки и во текот на 2012 година.
Да се направат и ургенции, таму каде што има опасност од застарување на предметите.

**8. Уредени авторски и сродни права за емитувани програми од страна на домашни радиодифузери (телевизии)**

Во тек е проверка на уреденоста на авторските и сродните права за емитувана играна програма во периодот од 25.12.2011 до 02.01.2012 година, на програмскиот сервис на регионалниот комерцијален радиодифузер ТВ Едо – Скопје.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Да се подготви извештај за седница на Советот со предлог мерки, доколку се констатира повреда на авторските и сродните права.

**9. Локализација на реемитувани телевизиски програмски сервиси**

**а)** Сеуште не е започната неколку пати најавуваната локализација на телевизиските програмски сервиси TV 1000, Viasat History, Viasat Explorer и Viasat Nature. Известени сме дека локализацијата е одложена за средината на 2012 година.

**б)** Во првото тримесечие на 2012 година, од страна на за тоа надлежната Комисија за заштита на конкуренцијата се решија двата предмети сврзани со ексклузивитетот врз преводите (титловите) на одделни странски телевизиски програмски сервиси:

Учесници во првиот предмет беа домашниот кабелски оператор Кејбл тел ДООЕЛ – Скопје, сега Близу Медиа енд броудбенд – ДООЕЛ – Скопје , како подносител на барањето за поведување на постапка, од една страна, и противниците, домашниот оператор на дигитална терестријална мрежа Диги плус мултимедиа ДООЕЛ – Скопје, и странскиот субјект DISCOVERY COMMUNICATIONS EUROPE LIMITED Обединето Кралство, од друга страна. Комисијата за заштита на конкуренција, со своето решение од 09.01.2012 година утврди дека субјектите против кои е поведена постапката склучиле забранет договор во однос на пристапот до преводите на документарни/едукативни канали и дека на таков начин сториле повреда од член 7 став 1 точка 4 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Учесници во вториот предмет беа домашниот кабелски оператор Кејбл тел ДООЕЛ – Скопје, сега Близу Медиа енд броудбенд – ДООЕЛ – Скопје, како подносител на барањето за поведување на постапка, од една страна, и противниците, домашниот оператор на дигитална терестријална мрежа Диги плус мултимедиа ДООЕЛ – Скопје, и странскиот субјект FOX INTERNATIONAL CHANNELS EOOD Бугарија, од друга страна. Комисијата за заштита на конкуренција, со своето решение од 24.02.2012 година утврди дека субјектите против кои е поведена постапката склучиле забранет договор во однос на пристапот до преводите на филмски канали и дека на таков начин сториле повреда од член 7 став 1 точка 4 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Против решенијата на КЗК не се поднесени тужби до Управниот суд на Република Македонија, во рамките на законските рокови, така што тие треба да се сметааат за конечни. Инаку, поднесена тужба од незадоволниот учесник против решение на КЗК го одлага неговото извршување.

**10.** Средба на претставниците на амбасадите на Република Хрватска, Република Словенија и Република Црна Гора, Министерството за култура на Република Македонија и операторите на јавни комуникациски мрежи од Република Македонија , во Советот за радиодифузија на ден 07.03.2012 година

Средбата го имаше следниов дневен ред:

1. Проблемите околу реемитувањето на телевизиските програмски сервиси, ХРТ - 1, РТС САТ, ТВ Словенија 1, и РТЦГ САТ;
2. Локализација на реемитуваните странски телевизиски програмски сервиси; и
3. Други тековни прашања

За средбата е изготвена Информација, разгледувана и усвоена на петтата седница на Советот за радиодифузија, одржана на ден 20.03.2012 година .

**Активности и резултати по прашањата на дневен ред на Средбата, од нејзиното одржување до 31.03.2012 година:**

1. Операторите ONE – Диги плус мултимедија – Скопје, АД Македонски телеком-Скопје и Медиа енд броудбенд Близоо – Скопје не обезбедија реемитување на ХТВ 1, ни преку Здружението за заштита на авторските музички права ЗАМП – Скопје, ни преку директен договор со Хрватската радиотелевизија;

2. Немаше проблеми за обезбедување на правото на реемитување на РТС САТ и Радиотелевизија Словенија, како и Радиотелевизија Црна Гора им достави на кабелските и други оператори на јавни комуникациски мрежи согласност за бесплатно реемитување на овој јавен странски телевизиски програмски сервис;

3. Со оглед на неподнесените управни тужби против одлуките на Комисијата за заштита на конкуренцијата од 09.01.2012 гопдина и 24.02.2012 година, нема правни пречки за пристап на било кој оператор на јавна комуникациска мрежа во Република Македонија, до преводите на македонски јазик на телевизиските програмски сервиси што на нашиот пазар ги нудат компаниите DISCOVERY COMMUNICATIONS EUROPE LIMITED Обединето Кралство и FOX INTERNATIONAL CHANNELS EOOD Бугарија;

4. Кабелските оператори склучуваат и можат да склучуваат договори за пренос на ТВ сигнал за комерцијално користење со Македонски телеком – АД – Скопје и Тотал ТВ Македонија – Скопје.

5. Заради заштита на ексклузивните права на домашните радиодифузери на државно ниво ТВ Сител и ТВ Канал 5, се затемнува странскиот телевизиски програмски сервис ТВ ОБН од Босна и Херцеговина, при емитувањето на реалното шоу „Survivor“ („Преживеани“) и при директните преноси на натпреварите од Лигата на шампионите и Лигата на Европа во фудбал.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Советот и понтаму да ги следи прашањата од дневниот ред, и да се ангажира во нивното разрешување, во рамките на својата надлежност.

**11.** Примен одговор на операторот Македонски телеком АД – Скопје бр. 38.58415/4 на барањето за појаснување на Советот за радиодифузија бр. 03-715/2 од 14.03.2012 година, со кон него приложени:
а) Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела (Службен весник на РМ бр. 154 од 04.11.2011 година), донесена од Здружението за заштита на авторските музички дела, скратено ЗАМП – Скопје, на операторите Македонски телеком АД – Скопје, со архивски бр. 03-51607/5 од 13.02.2012 година, Близу Медиа енд Броудбенд ДООЕЛ – Скопје, со архивски бр. 02-221 од 14.02.2012 година, и ОНЕ Телекомуникациски услуги – ДОО – Скопје, со архивски бр. 08-1311/ 02 од 21.02.2012 година, доставена до Уставниот суд на Република Македонија – Скопје (со приемен печат на овој суд од 22.02.2012 година) ; и
б) Барањето за поведување прекршочна постапка на операторот Македонски телеком АД – Скопје, со повикување на член 32 и член 34 од Законот за заштита на конкуренцијата, доставено до Комисијата за заштита на конкуренцијата, а против

Здружението за заштита на авторските музички дела, скратено ЗАМП – Скопје, со архивски бр. 10-368802/1 од 11.11.2011 година.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ:** Советот, преку преписка со Македонски телеком - Скопје, да биде во тек со одлуките на Уставниот суд по Иницијативата под а) и Комисијата за заштита на конкуренцијата по Барањето под б).